

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТОТО, ШЕСТОТО И СЕДМОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ ГРАД РИМ**

***Во 2003 година на празникот на патроните на словенското писмо, свети Кирил и Методиј, црковната делегација беше во состав митроолитите Тимотеј и Наум. Празнична беседа одржа митрополитот Тимотеј, во која накратко се осврна на животот и делото на светите браќа.***

На поклонението пред гробот на Свети Кирил, митрополитот Тимотеј рече: *„Свети Кирил и Методиј знаеле дека и престојниот успех ќе биде загарантиран само ако Христовата наука се проповеда со љубови жар, но само на разбирлив јазик за слушателите на словото Божјо ...Светите браќа, со доаѓањето во Моравија, на повик од кнезот Ростислав, патувале од место до место, им пристапувале на луѓето искрено и топло, како свој на свој и можеле најнепосредно да го посеат во срцата нивни, полезното семе на*

*христовата љубов и вера“.*

***Активности во чест на Светите Кирил и Методиј:***

На 4 ноември 2003 година на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје се одржа научен собир со наслов „*Историјата на македонскиот народ и историјата на МПЦ".*

***Од издавачката дејност:***

***Лилјана Макаријоска:*** *Лексиката на материјалната култура во македонските црковнословенски ракописи,* Скопје 2003.

***Наталија Андриевска:*** *Преводот на грчкото привативно алфа во старите македонски текстови,* Скопје 2003.

***Весна Костовска:*** *Македонско четвороевангелие,* Скопје 2003.

***Ѓорѓи Поп-Атанасов:*** *Палеографски албум, т. 2, Словенски ракописи од Македонија во странски ракописни збирки , X-XIV век,* Скопје 2003.

***Ѓорѓи Поп-Атанасов:*** *Палеографски албум, т. 3, Словенски ракописи од Македонија во странски ракописни збирки , XIV-XIX век ,* Скопје 2003.

***Славе Николовски-Катин:*** *Илинден 1903 - 2003 и македонските иселеници*, „Македонска искра“ - Скопје, 2003, 1-232 (на македонски).



[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**